На својата Седница, Управниот Одбор ја донесе Одлуката за Усвојување на Извештај за спроведена адаптација на психолошкиот тест на личност ИПИП НЕО мк (IPIP NEOmk) во Република Македонија, со архивски бр: 0202-202/01, од 30.05.2022; по што донесе и нова Одлука за впишување на психолошкиот тест на личност во Пописот на посебно заштитени психолошки тестови во Р.Македонија со архивски бр: 0202-202/02, од 30.05.2022.

Следат Информациите за Тестот:

**Вид на тестот:**
Тест на личност, Инвентар на личност (ИЛ)
**Категорија:**
Б (B во латинично писмо)
**Главна примена:**
Процена на личноста
**Опсег на примена:**
Широк опсег на примена
**Таргет популација:**
Адолесценти и возрасни;
Оваа форма на петтофакторски тест на личност е соодветна дури и за луѓе на помало образовно ниво
**Начин на задавање на тестот:**
*Електронско задавање*:Контролирано задавање во присуство на квалификуван администратор. Влез одобрен само со корисничко име и лозинка
*Задавање во хартиена форма (хартија-молив)*: Контролирано задавање од страна на квалификувано професионално лице за задавање на психолошки тестови
**Приказ на резултати на корисникот:**
*Графички приказ во форма на профил;*
Податоците се трансформираат на Т-скала (каде што M = 50, а S = 10)
*Наративен приказ на личноста* –краток приказ, лесно разбирлив и приспособен на корисниците
**Заснованост на тестот:**
*Теоретска* – петтофакторски модел на личност
**Автори на адаптацијата на тестот на македонски јазик:**
Проф. д-р Елеонора Серафимовска и проф. д-р Маријана Марковиќ
Психолошка лабораторија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

Контакт:
Маријана Марковиќ, телефон: 075 406 717 marijana@isppi.ukim.edu.mk
Елеонора Серафимовска телефон: 072 233 677 eleonora@isppi.ukim.edu.mk